# ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2015 ГОДИНА

**Март 2016 година**

**Изготвен и објавен (www.evropskicentarzarevizija.com.mk) врз основа на член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на РМ" 184/2014)**

# Содржина:

1. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионална мрежа, правни и структурни аранжмани;
3. Управувачка структура на друштвото за ревизија;
4. Внатрешен систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава за ефективноста на функционирање на системот;
5. Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот, согласно Законот за ревизија;
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија, во текот на годината за која се известува година;
7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија, интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и нивно спроведување;
8. Изјава за политика што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува година;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци;
10. Основа според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

**ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ**

ул."Јордан Мијалков" бр. 30, 1000 Скопје,
Жиро сметка: 270 00000 1047293, ХАЛКБАНК Скопје
Даночен број: МК 4030005574146 Тел/факс: 02/3215-327;3215-328
e-mail: ecrdoo@t-home.mk, www.evropskicentarzarevizija.com.mk

Друштвото за ревизија „ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА" ДОО Скопје, согласно одредбите од член 35 од Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" 184/2014), за финансиската 2015 година, го објавува следниов:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА ГОДИНАТА 2015

## 1. Правна структура и сопственост

Друштвото за ревизија и консалтинг "ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА" ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност, основано во Скопје Република Македонија, на 17.10.2005 година. Друштвото е регистрирано во Институтот на овластени ревизори на Република Македонија под број ДР023 и има добиено **лиценца за работа за вршење на работи на ревизија број 07-20/1 и регистарски број на лиценца 26 од 21.02.2014 година, издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата**.

Согласно Законот за работни односи, во друштвото на 31 декември 2015 година се вработени 9 (девет) лица на неопределено полно работно време, додека на 31.03.2016 година во друштвото се вработени 9 (девет) лица на неопределено полно работно време.

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 305.800,00 денари и е составена од непарични средства. Друштвото има двајца содружници од кои:

1. **Александар Рулески – овластен ревизор** сопственик, со вкупен влог во износ од 159.000,00 денари, односно 51,99% и
2. **Еуро Консалт Плус ДОО Скопје** сопственик, со вкупен влог во износ од 146.800,00 денари, односно 48,01%.

Приоритетна дејност на друштвото за ревизија е 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во државата и во странство и не е основач на други поврзани друштва.

ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ има полиса од Друштво за осигурување Сава Осигурување, за годишно осигурување од одговорност на минимален износ од 250.000,00 ЕУР или 15.142.000 денари. Полисата е со број ОР-00299630 и истата важи за период од 14.11.2015 година до 14.11.2016 година.

## 2. Професионална мрежа и правни структурни аранжмани во мрежа

"ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА" ДОО Скопје е самостојна ревизорска куќа која дава услуги на комитенти кои стопанисуваат на пазарот во Република Македонија. Активностите на Друштвото имаат локален карактер.

Друштвото нема склучено договори за членство или договори за исклучиво право на застапување на интересите на меѓународна ревизорска мрежа.

## 3. Управувачка структура

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" 28/04 ... 192/15) и договорот за основање на Друштвото, управувачката структура е претставена преку:

- Собир на содружници и
- Управител.

За управител на друштвото е назначено лицето Александар Рулески со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

## 4. Внатрешен систем на контрола на квалитет и изјава за ефективност и функционирање на системот

Целите на внатрешниот систем на контрола на субјектот претставуваат воспоставување и одржување на систем на контрола на квалитет, како би се осигурало постапување во склад со професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања.

Политиките и процедурите за контрола на квалитетот на работата, кои се применуваат во друштвото, се изготвени врз основа на барањата на Законот за ревизија во Република Македонија, барањата на Меѓународните Стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени и се применуваат во Република Македонија.

Истите се изготвени врз основа на специфичните барања на:

- МСКК 1 Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги и
- МСР 220 (ревидиран) Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации.

Правилникот за контрола на квалитет на друштвото изготвен врз основа на барањата на МСКК 1 ги дефинира политиките и процедурите кои се однесуваат на контрола на квалитетот на ниво на работењето на друштвото. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на: одговорностите на лидерите (раководството) за квалитет во друштвото; релевантни етички барања, прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани, човечките ресурси, спроведување, следење и документирање на внатрешниот систем на контрола.

МСР 220 се применува за контрола на квалитетот на работењето на секој поединечен ангажман.

Политиките и процедурите за контрола на квалитетот во друштвото ги опфаќаат следните главни области:

- примена на професионалните барања за придржување на основните принципи на независност, интегритет, објективност, доверливост и професионално однесување на целиот персонал;

- развој на вештини и компетентности на персоналот, со цел извршување на работата со должно внимание;
- правилно распределување на должности меѓу членовите на тимот, според нивната соодветна стручна подготовка, која се бара во дадени околности;
- примена на соодветен систем на насочување, надзор и проверка на работата на тимот на ревизија на сите нивоа, со цел да се обезбеди разумна сигурност дека работата што се извршува е во согласност со барањата на соодветните стандарди;
- политика за прифаќање на нови и продолжување на ангажмани на клиенти, според кои, преку донесување соодветни одлуки врз основа на проценка на ризиците, поврзани со ангажманот, со цел адекватно завршување на доверената работа и во исто време задржување на интегритетот на друштвото;
- редовно надгледување/проверка на правилна и соодветна примена на политиките и процедурите за контрола на квалитетот.

### *4.1. Одговорност на раководството*

Одговорен за квалитетот на ревизорската работа на друштвото е управителот (овластен ревизор) кој е краен потписник на ревизорските извештаи од страна на друштвото. Управителот донесува програма во вид на соодветни прашалници за постапки и процедури за извршување на внатрешната контрола на квалитет.

Во друштвото нема посебно одделение за вршење на контрола на квалитет, поради големината на друштвото за ревизија (мало друштво), со помал број ревизорски ангажмани и во кое има вработено 2 овластени ревизори, од кои внатрешната контрола ја врши овластениот ревизор, кој не бил вклучен за работа на конкретниот ангажман.

Друштвото едуцира уште 4 вработени кои моментално се во тек на стекнување на лиценца за овластен ревизор, кои по нивното лиценцирање би се распределиле на извршување функции во контролниот систем на друштвото.

Кај поединечни ревизорски ангажмани, кај друштвата што котираат на берза и друштвата со посебни обврски за известување, задолжително претставуваат цел на проверка на контрола на квалитетот.

Во своето работење друштвото доследно се придржува кон донесените политики и процедури за контрола на квалитетот, на ниво на друштвото и на поединечни ревизорски ангажмани, со цел осигурување дека персоналот се придржува кон интерните акти на друштвото, при спроведување на редовните работни задачи од страна на раководителот на ревизорскиот тим.

Управителот на Друштвото, изјавува дека системот на контрола на квалитетот ефективно функционира во рамките на друштвото.

Прилог - Изјава

### *4.2. Етички принципи и независност на ревизорот*

Придржувањето и формирање на соодветно професионално однесување претставува приоритетна цел на друштвото. Соодветното разбирање на етичките и професионалните барања од страна на персоналот, односно соработниците претставува висок приоритет во работењето.

Заштита на информациите од интерни и екстерни упади, одржување и зачувување на доверливост и интегритет во согласност со превземените регулаторни и договорни обврски, како и зачувувањето на независноста на ревизорот се примарна цел во заштитата на податоците и зачувувањет на независноста.

Независноста на ревизорот претставува цел на посебен интерес од страна на друштвото, а со тоа и проверка и контрола на ситуации каде што е веројатно постоење на можност за загрозување на независноста на ревизорот од причини што сметаме дека независноста претставува основа за објективност, професионализам, квалитет и доверба во ревизорската работа.

Независноста ја определуваат следните критериуми:

- чесност и објективност,
- професионална стручност,
- избегнување на етички судири со клиентите,
- професионално однесување,
- доверливост и
- почитување на стандардите за етика.

Независноста може да биде загрозена во следните случаи:

- истовремено пружање на сметководствени услуги, услуги на процена и судски вештачења и ревизорски услуги,
- постоење на блиско сродство на членови од раководството и клиентот,
- постоење било каков финансиски интерес на член од ревизорски персонал со клиентот,
- вклученост во управувачки и надзорни структури во органите на клиентот и
- вршење на ревизија на ист ревизорски тим над 5 години кај ист клиент.

Испитувањето на независноста на ревизорскиот персонал се врши:

- по пат на изјави на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договори за ревизија,
- пред да се назначат членовите на конкретниот ревизорски тим и
- барање за изјаснување со предупредување за известување доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната независност.

Доверливоста и заштитата на податоците се врши со други ИКТ мерки (рестриктивни), контролиран трансфер и пренос на податоци и употреба на други механизми и постапки за спречување на проток на доверливи информации.

### *4.3. Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани*

По пат на определување на ризикот од прифаќање/продолжување на ангажманот преку политики и процедури во согласност со прифатените стандарди, проценување на можностите за намалување или избегнување на ризикот од прифаќање или продолжување на ангажманот или целосно откажување на ангажманот при постоење на ризик и непостоење на мерки, методи и политики за негово намалување или избегнување, се настапува во врска со склучување/продолжување на ангажманите.

Пред прифаќањето на секој ангажман се утврдува идентификација од постоење на релевантен однос, што во случај на утврдување ангажманот се откажува се додека не постои сигурност за менаџирање на потенцијален конфликт на интереси.

Пред секое прифаќање на ангажман врз основа на опфатот на работата и ресурсите на друштвото се врши проценка на потребните ресурси и можностите за ангажирање на екстерни стручни лица.

### *4.4. Човечки ресурски*

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и процедури за контрола на квалитетот на работата во друштвото, секое ниво на персонал има обврска за континуирана професионална едукација, и тоа:

- овластените ревизори во Друштвото имаат обврска за професионално усовршување од минимум 40 (четириесет) часа годишно, организирана од страна на ИОРРМ;
- ревизорите и помладите ревизори посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на даноци, сметководство, финансии кај овластени консултантски куќи како и интерни семинари за ревизија во рамки на друштвото, како и задолжителна посета на сите семинари, курсеви и обуки кои се одржуваат како претходна обука за полагање на испитот за овластен ревизор.

Вработување во друштвото се врши по претходна проверка на квалификации на кандидатите, неговата професионална стручност, етика и вештини. Оценувањето на вработените се врши од страна на овластениот ревизор за секој ангажман поделно, како и врз основа на покажаните аспирации и иницијатива во едукативните програми на друштвото. Унапредувањето на вработените се врши врз основа на професионалната изграденост и интегритет. За одговорен на ангажманот се назначува овластен ревизор, а за членови на ангажманот вработените врз основа на искуство и вештини потребни за соодветниот ангажман, одбрани од одговорниот на ангажманот.

За сите потребни ангажами за кои друштвото не располага со соодветен стручен кадар, се склучува посебен договор за ангажман на специјалист (експерт).

### *4.5. Спроведување, следење и документирање на внатрешниот систем на контрола*

Друштвото има имплементирано интерно генериран софтвер развиен за извршување на ангажманот.

Надзорот на внатрешниот систем на контрола на квалитет го извршува овластениот ревизор, кој раководи со извршување на ревизијата и изработката на потребната документација и истиот е ангажиран на постојано подобрување на квалитетот. Надзорот се остварува со секојдневни контакти со членовите на тимот, обавување на консултации при што има целосна одговорност за разгледување и оценка на квалитетот на извршената работа, точноста и потребното документирање и донесување на заклучоци.

Критериуми за селекција на ревизорски ангажман – предмет на внатрешна контрола на квалитет,се врши преку постапка на избор по претходно извршено класифицирање на видови ангажмани од аспект на даденото мислење за соодветниот ангажман.

Во 2015 година се спроведени 15 внатрешни контроли, што претставува 20% од вкупно извршените ревизии.

За лица кои што вршат внатрешна контрола на квалитет се избира овластен ревизор кој што не бил ангажиран на соодветниот ангажман.

По завршувањето на секој ангажман, се врши средување, комплетирање, документирање и архивирање како следни чекори, коишто се вршат во електронска или во хартиена форма. Архивирањето на документацијата во хартиена форма се врши во просториите на седиштето на друштвото, а нејзиното уништување е по истекување на периодот утврден со закон. Друштвото е во фаза на планирање за воведување на електронска архива.

Контролите на документирањето се вршат на годишно ниво, со цел утврдување на комплетноста на ревизорското досие при негово архивирање.

**5. Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот**

Последна проверка за уверување во контрола на квалитет на друштвото за ревизија е направена во март 2016 година од страна на ИОРРМ.

Внатрешната контрола на друштвото беше анализирана и тестирана и се избраа и проверија три ревизорски ангажмани за годината што заврши на 31 декември 2014 година.

Контролата опфаќаше: разгледување и оценка на системот на контролата на квалитет, воспоставен во друштвото и проверка на избрани поединечни ревизорски ангажмани.

**6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија на финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи во текот на претходната година:**

| Ред.бр. | Законски ревизии на финансиски извештаи извршени во 2015 година |
|---|---|
| 1. | Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија |
| | Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија - консолидирани |
| 2. | Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје |
| 3. | Друштвото за производство, трговија, транспорт, туризам и услуги МОНТЕНЕГРО Љубе и Јован експорт – импорт ДОО Гостивар |
| 4. | Друштвото за трговија и услуги ТРЕЈДЕК ДООЕЛ експорт – импорт Скопје |
| 5. | Друштвото за трговија и услуги КАТИ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје |
| 6. | Друштвото за трговија, транспорт и услуги ЕМША-ШПЕД, увоз-извоз ДООЕЛ Марјан Неготино |
| 7. | Друштвото за трговија на големо и мало ИЗВОР Вадин ДООЕЛ Скопје |
| 8. | Друштвото за производство, трговија, сообраќај и услуги Ѓеорги Милошевски МАНДИ-ТРАНС увоз-извоз ДООЕЛ Битола |
| 9. | Друштвото за производство, внатрешна и надворешна трговија ВЕЛА –ТРЕИДИНГ ДОО Кавадарци |
| 10. | Друштвото за земјоделско производство ДУШАН ЌИРИЌ ДООЕЛ увоз-извоз с.Росоман |

| | |
|---|---|
| 11. | Друштвото за градежништво, промет и услуги Геинг Кребс унд Кифер Интернешионал ДОО Скопје |
| 12. | Друштвото за производство, трговија и услуги ГС ТЕКСТИЛ ДОО експорт импорт Струмица- |
| 13. | Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги МЕГА ЦОН ДООЕЛ Тетово |
| 14. | Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа, производство и трговија КОДИНГ ДООЕЛ Кавадарци-консолидирани |
| | Друштвото за производство, промет и услуги КОДИНГ- ГОРСКА ДООЕЛ Кавадарци |
| 15. | Друштвото за трговија производство и услуги МИНКА ДА ДООЕЛ Струмица |
| 16. | Индустријата за месни преработки ИМП СОЛЕТА Виолета Илијоска и други ДОО Скопје |
| 17. | Друштвото за производство и промет ПРОМЕС ДОО увоз – извоз Скопје |
| 18. | Друштвото за производство, промет и услуги ДАУТИ КОМЕРЦ АД увоз-извоз Скопје |
| 19. | Акционерско друштво за транспорт, шпедиција, трговија и услуги ДАУТИ ТРАНСПОРТШПЕД АД Скопје |
| 20. | Друштвото за производство, трговија и услуги МЕБЕЛ ТРЕЈД ДОО Виница |
| 21. | Друштво за производство и трговија АДРИЈУС ДОО увоз-извоз Скопје |
| 22. | Друштвото за градежништво и трговија МАСОН – ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје |
| 23. | Друштво за транспорт, производство, трговија и услуги БАЛЕКС ДОО Штип |
| 24. | Друштвото за монтажа и реконструкција на телефонски и сигнални линии, на уреди и постројки ТЕЛЕФОНМОНТАЖА КОМЕРЦ АД Скопје |
| 25. | Трговското друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА- СКОПСКО увоз-извоз с.Косел Охрид |
| 26. | Осигурителното брокерско друштво НАШЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД Кочани |
| 27. | Друштвото за производство, трговија и услуги ЗОНАИМПЕКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - консолидирана |
| | Друштвото за производство, трговија и услуги ЗОНА-ТРИКО ДООЕЛ Виница |
| 28. | Друштвото за производство, промет и услуги ИНТЕРНАЦИОНАЛ ФУД БАЗАР експорт – импорт ДОО Скопје |
| 29. | Трговското друштво за производство, трговија и угостителство ДОНМАК увоз–извоз ДООЕЛ Охрид |
| 30. | Друштвото за градежништво ДС ГАЛАБ ДООЕЛ Скопје |
| 31. | Друштвото за графичка дејност, трговија и услуги ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт импорт Скопје |

| | |
|---|---|
| 32. | Друштво за трговија, превоз и услуги МИ – ДА МОТОРС ДОО Скопје |
| 33. | Друштвото за услуги и трговија КОНГРЕСЕН СЕРВИСЕН ЦЕНТАР Весна и др. ДОО Скопје |
| 34. | Друштвото за информациони системи ЕИН-СОФ ДООЕЛ Скопје |
| 35. | Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје - консолидирана |
| | Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје |
| 36. | Друштво за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација КАТЛАНОВСКА БАЊА Скопје |
| 37. | Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје |
| 38. | Акционерско друштво КЛАНИЦА СО ЛАДИЛНИК АД Струмица |
| 39. | Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ГРАДСКИ ПАРКИНГ Скопје |
| 40. | Друштвото за информатика и телекомуникации МОБИКО ДООЕЛ Скопје |
| 41. | Друштвото за трговија и услуги ФИНЗИ ДООЕЛ Скопје |
| 42. | Друштвото за консалтинг и посредување "НВСП" ДООЕЛ Скопје |
| 43. | Осигурителното брокерско друштво СУПЕР БРОКЕР АД Скопје |
| 44. | Акционерското Друштво за производство и промет на големо и мало со стока и сточарски производи СТОКОПРОМЕТ АД Скопје |
| 45. | АВИОИМПЕКС Акционерско друштво за воздушен сообраќај и трговија Скопје |
| 46. | Трговско друштвото за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ЗОНАТЕКС ДООЕЛ Скопје |
| 47. | Трговското друштво за производство, трговија и услуги, ГОРДОН УНИВЕРЗАЛ ДОО Скопје |
| 48. | Друштвото за автопревоз и трговија БОКИ ДООЕЛ Пробиштип |
| 49. | Друштвото за производство, промет, проектирање, монтажа и инсталира-ње, инжинеринг ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ Скопје |
| 50. | Јавно претпријатие Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци |
| 51. | Централен Регистар на Република Македонија Скопје |
| 52. | Друштво за производство на градежни материјали 8-МИ НОЕМВРИ АД Неготино |

| Ред.бр. | Договорни ревизии на финансиски извештаи извршени во 2015 година |
|---|---|
| 1. | Друштвото за трговија производство и услуги МИНКА ДА ДООЕЛ Струмица |
| 2. | МЗШВ – Проект Јужна вардарска долина |
| 3. | Друштвото за градежништво, посредување трговија и услуги АЛДИНГ-ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје |
| 4. | Друштво за внатрешен и надворешен промет на големо и мало производство и услуги РАД-КОМ ДООЕЛ Скопје |
| 5. | Друштво за производство, трговија и услуги САЛМАК МБ ДОО Скопје |
| 6. | Друштвото за контрола на квалитет и квантитет за нафта, нафтени деривати и други стоки СЕЈБОЛТ ПАН АДРИАТИКА ДОО Скопје |
| 7. | Друштво за производство, трговија и одржување на разладни уреди ФРИГО- ШОБ ДОО Скопје |
| 8. | Трговско друштво за промет, угостителство, туризам и агенциски услуги ЕВРОПА 2002 ДОО Отешево, Ресен |
| 9. | Трговското друштво за производство,промет,туризам и угостителски услуги ЕВРОТУРС-МАКО ДОО Отешево, Ресен |
| 10. | Друштво за деловни и менаџметн услуги КОНЦЕПТ МАРКЕТИНГ ДОО Скопје |
| 11. | Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ЕКО-ПАК ХИТ ДОО Кочани |
| 12. | Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ЕКОСАЈКЛ ДОО Скопје |
| 13. | Трговското друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје |
| 14. | Друштвото за менаџирање, архивирање и уништување на документи и податоци РЕИССВОЛФ ДОО Петровец |
| 15. | Трговското друштво за градинарско и цвеќарско производство ГРАДИНАР 2002 АД Скопје |
| 16. | Друштво за внатрешен и надворешен промет на големо и мало производство и услуги РАД-КОМ ДООЕЛ-консолидирана |
| | Друштво за производство и трговија на електрична енергија РАД-КОМ ХИДРОЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје |
| 17. | Приватна здравствена установа – аптека РУНОЛИСТ Скопје |
| 18. | Друштво за промет и услуги БЕТ ТУ МАР ДООЕЛ Скопје |
| 19. | Заштитно друштво за собирање на примарна преработка за отпадоци ОТПАД ДООЕЛ извоз - увоз Охрид |
| 20. | Јавно претпријатие за изградба, одржување, реконструкција на локални патишта и хидротехнички објекти НИСКОГРАДБА Охрид |

## 7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија, интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и нивно спроведување

Согласно барањата на Законот за ревизија, Кодексот за етика, како и донесените политики и процедури за контрола на квалитетот на работата во друштвото се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Управителот е задолжен за утврдување на независноста на друштвото во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава за секој клиент поединечно пред започнување на ангажманот;
- Партнерот на ревизија – Овластен ревизор задолжен за етички прашања е одговорен за одржување на листи на клиенти на друштвото кои се достапни до сите партнери и членови на персоналот, при што, сите партнери и секој член на персоналот на друштвото, вклучувајќи го и новиот персонал, ја утврдува својата независност по пат на давање на писмена изјава за секој клиент поединечно пред започнување на ангажманот.

Прилог - Изјава

## 8. Политика што ја следи друштвото за ревизија во претходната година

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и процедури за контрола на квалитетот на работата во друштвото, секое ниво на персонал има обврска за континуирана професионална едукација, и тоа:

- овластените ревизори во Друштвото имаат обврска за професионално усовршување од минимум 40 (четириесет) часа годишно, организирана од страна на ИОРРМ;

- ревизорите и помладите ревизори посетуваат семинари и курсеви за обука од обласата на сметководството и ревизијата организирани во самото друштво, како и задолжителна посета на сите семинари, курсеви и обуки кои се одржуваат како претходна обука за полагање на испитот за овластен ревизор.

Целта на друштвото е воспоставување, спроведување, одржување и следење на систем за контрола на квалитет, кој обезбедува разумно убедување дека друштвото и персоналот работат во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет – МСКК 1 "Контрола за квалитет на фирми кои спроведуваат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани на уверување и поврзани услуги и дека извештаите за ангажманите на друштвата се соодветни со приликите.

Европски Центар за ревизија ДОО Скопје, изјавува дека доследно ја следи политиката усвоена од страна на Друштвото за ревизија за континуирано професионално образование во текот на претходната година.

Прилог - Изјава

## 9. Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци

*9.1. Список (листа) на услуги кои ги нуди друштвото*

"ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА" ДОО Скопје ги нуди следните услуги:

- Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно со МСР);
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени во РМ);
- Даночни советодавни услуги: консалтинг, интерна ревизија;
- Други неревизорски услуги: судски вештачења, тренинг.

*9.2. Финансиска информација за вкупните приходи за годината за која се известува и годината кој и претходи:*

Вкупниот приход за 2015 година на "ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕВИЗИЈА" ДОО Скопје е остварен по следниве основи:

**(во илјади МКД)**

| Р.бр. | ВИД НА ПРИХОД | 2015 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ИЗНОС | % | ИЗНОС | % |
| 1 | Ревизија на финансиски извештаи по годишни и консолидирани сметки | 7.515 | 89,26% | 4.988 | 90,82% |
| 2 | Дополнителни услуги на уверување во квалитет | 123 | 1,46% | 372 | 6,76% |
| 3 | Даночни советодавни услуги | 776 | 9,22% | 109 | 1,98% |
| 4 | Други неревизорски услуги и приходи од редовни и затезни камати | 0 | 0% | 0 | 0% |
| 5 | Други финансиски приходи | 5 | 0,06% | 24 | 0,44% |
| | **Вкупно** | 8.419 | 100% | 5.493 | 100% |

## 10. Основа според која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува од надоместокот определен согласно договорите за работа во фиксен износ.

**Скопје, 31.03.2016 година**

**Европски Центар за Ревизија**
**ДОО Скопје**
**Управител**
*Александар Рулески*

## И З Ј А В А

**ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗАРЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ**

Одговорниот за квалитетотна ревизиите, Управителотна друштвото изјавува дека системот на контрола на квалитетот на друштвото функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Скопје, 31.03.2016 година

Изјавил

Управител

*Александар Рулески*

**И З Ј А В А**

**ЗА НЕЗАВИСНОСТО РАБОТЕЊЕНА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ**

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и нацоналното право, Друштвото за ревизија и консалтинг Европски Центар за ревизија ДОО Скопје, ја има донесено и усвоено методологија на интерни процедури со цел овозможување на квалитетно извршување на поставените задачи од страна на вработените.

Друштвото за ревизија и консалтинг Европски Центар за ревизија ДОО Скопје, потврдува дека усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии во целост ги зголемува меѓународните и локалните стандарди за квалитет и истите доследно ги применува

Скопје, 31.03.2016 година

Изјавил

Управител

*Александар Рулески*

# ИЗЈАВА

## ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИНУИРАНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорски постапки во согласност со член 28 од Законот за ревизија, друштвото ги има развиено политиките за:

- континуирана едукација во рамки на ИОРРМ и акредитирани странски институции,
- постојана едукација на персоналот преку присуство на семинари од консалтинг куќи во РМ и странство, интерни семинари во рамки на друштвото, набавки на стручна литература, стручна и финансиска поддршка при подготвување на ревизорски испит и друга едукација од ИКТ технологии,
- консултации во рамките на друштвото како и со надворешни стручни соработници.

Друштвото за ревизија и консалтинг Европски Центар за ревизија ДОО Скопје потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадрите со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии во целост ги задоволува меѓународните и локалните стандарди за квалитет, и истите доследно ги применува во работењето.

Скопје, 31.03.2016 година

Изјавил

Управител

*Александар Рулески*